

# БОЖУРСКА BOZURSKA



БОЖУРСКА

***Кристина Божурска*** е млада авторка која на македонската публика ѝ се претставува со својата прва самостојна изложба. Генерално, таа го третира проблемот на отпадот/ѓубрето и филозофијата, т.е. односот на фрлање и собирање на истиот, кој, како таков, е мошне актуелен проблем за нашето општество и секојдневната егзистенција и е дефинитивно деградирачка социјална слика за менталитетот и дисциплината на ова тло. Божурска, тргнувајќи од негативниот аспект на оваа горлива проблематика и елаборирајќи го од повеќе агли и нивоа, создава визуелни сензации кои имаат издржани квалитативни нормативи. Таа се изразува во повеќе медиуми, меѓу кои доминантната улога ја има сликарството, но секако дека и третата димензија го привлекува авторскиот предизвик, виден во форма на објекти и, како последен облик за изразување, го користи видеото, како дигитална подвижна слика. Сите вклучени дела ја асимилираат општата теза, секако, во секое вклучувајќи ја и користејќи ја предноста што самиот медиум ја нуди. Како општа констатација, мора да се апострофира идејата за *компресиите*, која како авторски ангажман била актуелна во *Новиот реализам* и тенденцијата на неговите претставници (Ричард Сезар, Рејмонд Хајнс и др.) кон манипулација и промена, како и создавање на „нова-редефинирана слика". Потпирајќи се врз поуките на овој правец, Божурска создава нова визија и естетика на грдото, успешно ракувајќи, пред сè, со идејата, а потоа и со четката и платното, со просторот и истискувањето на волуменот од масата, како и со документирање на контекстуален дигитален запис.

Платната, кои најчесто се аранжирани во облик на полиптиси, го користат реалистичниот ликовен вокабулар. Пристапот кон темата подразбира интересни зумирања и сечења на препознатливиот имиџ, и сликарски, на моменти пастуозен пристап (со апендирање на други материјали), кој може да се следи низ варијациското-променливо третирање на различни површини, како во поглед на хроматската скала така и во контекст на одвојување и просторно вкомпонирање на препознатливи и помалку препознатливи, т.е. авторски елементи во и со целината. Преку овие „нови слики" Божурска успешно ја манипулира идејата за концептот, а секако и за авторската слобода и игра со мултипликацијата, т.е. додавањето и одземањето на „квадрати" од полиптихот, т.е. можност за измена на понудената варијација.

Минијатурните објекти го обработуваат проблемот на менување на препознатлив изглед на тела, како и феноменот за ослободување на масата од волуменот, кој е мошне актуелен предизвик за авторката. Малите компресии содржат, најчесто, метални отпадни делови, чија препознатлива слика е видоизменета и со „новиот" пристап се ослободуваат од воздухот, притоа добивајќи нов аутпут.

Видеото, како дигитален медиум, ѝ пружа на Божурска поинакви полиња за истражување, пред сè, разгледувајќи го документарниот дериват на видео артот, како дело само по себе со монотоно, а сепак концепциско дејствие, но и како дело кое ја надополнува генералната авторова идеја.

Без оглед на тоа што делото кое, верувам, е творено заради делото само по себе (l'art pour l'art) и како такво дефинитивно ги задоволува уметничките критериуми, овој проект истовремено треба да биде набљудуван и како ангажиран обид на оваа млада уметница, Кристина Божурска, да изрази протест и бунт на високо естетски начин.

*Ана Франговска Стојановска*

***Kristina Bozurska*** is a young artist who will introduce her first solo exhibition to the Macedonian public. Generally, she will be encompassing the rubbish/litter & philosophy i.e. the relationship between the disposal and assembling the latter as a current problem and its negative impact on contemporary society and existence, thus creating a highly decadent social notion about the mentality and discipline on these grounds.

Bozurska, emphasizing the negative aspect of this flammable problem and elaborating it through various points has succeeded in creating new visual sensations with sustainable qualitative norms. She has expressed herself via an array of mediums, the predominant being painting, but the third dimension seen as an object and rendered as a moving image has also captured the author's challenge.

Each work assimilates general thesis including therein the advantage offered by the medium. As a general statement, the *compression* idea must be apostrophized which as an author's engagement was preemnient during New Realism and the tendencies imposed by its representatives (Richard Cesar, Raymond Hains) in order to create a "newly redefined image."

Relying on the moral of the aforementioned artistic movement, Bozurska has conceived a new vision and aesthetics of the ugly, successfully mastering primarily the idea and later on, the brush and the canvas, the space and the separation of volume and mass, as well as the documentation of contextual digital recording.

Canvases, most frequently arranged as polyptychs utilize realistic art vocabulary. The approach towards the theme implies intricant focusing and cutting of a previously distinguishable style and an artistic, at times, pasteous approach (by appending other materials) followed by a variably inconsistent treatment of different surfaces by the chromatic scale as well as through the context of separation and reattachment of recognizable and less distinguishable authorial elements within and with the whole.

Through the "new images" Bozurska has successfully manipulated the idea of concept, authorial freedom and play with multiplication i.e. adding and removing "quadrates" from the polyptych (the possibility of altering a given variation).

Miniature objects treat the *altering a distinguishable object appearance* problem, as well as the phenomenon of separating mass from volume, the latter being a current challenge for the author. Small compressions contain metal debris whose recognizable image is modified whereas the new approach releases them from air granting them a new output.

The video as a digital medium offers Bozurska different areas to explore, but above all, to inspect the documentary segment of video art as monotonous, yet, conceptual format complementing the author's general idea.

Despite the work being created, I assume, to complete itself (l'art pour art) and as such definitively satisfying artistic criteria, this project should be simultaneously observed as a committted effort by the young artiste Kristina Bozurska to protest and rebel in a high aesthetic fashion.

*Ana Frangovska Stojanovska*



Каросерија, 2008, масло на платно, 150x200 cm
Car body, 2008, oil on canvas, 150x200 cm



Компресии, 2009, масло на платно, 120x400 cm
Compressions, 2009, oil on canvas, 120x400 cm





Полиптих - отфрлено тркало, 2009, масло на платно, 120x400 cm
Polyptich thrown wheel, 2009, oil on canvas, 120x400 cm





Полиптих со црвен велосипед, 2009, масло на платно, 120x500 cm
Polyptich with red bicycle, 2009, oil on canvas, 120x500 cm







Полиптих, 2008, комбинирана техника на платно, 130x500 cm
Polyptich, 2008, mixed media on canvas, 130x500 cm













Триптих со В.Г. чевли, 2009, масло на платно, 120x300 cm
Tryptich with V.G. shoes, 2009, oil on canvas, 120x300 cm



Контакт:
Ул. „Ѓорче Петров“ бр. 13, Куманово
Тел.: 031 430 999
Тел.: моб: 070 691 427
E-mail: tinuninu@gmail.com

Родена на 01.11.1984 во Куманово. Дипломира сликарство со насока реставрација и конзервација 2008 година на Факултетот за ликовни уметности, Скопје, во класата на Антони Мазневски.

**Самостојни изложби:**

2009 УНА Галерија, Бјаред, Шведска
Национална галерија на Македонија, Мала станица, Скопје

**Селектирани групни изложби и проекти:**

2009 Мурал „Урбан пејзаж на Максим Горки“, Бела ноќ, Скопје
Petersburg meets Stranger Festival, интернационален видео арт фестивал, Петербург
Stranger Festival, интернационален видео арт фестивал во Амстердам
XIV биенале на млади од Медитеранот и Европа
Videoholika, интернационален видео арт фестивал, Варна, Бугарија
Пожега, 17. Хрватски фестивал на едноминутни филмови
VIII Биенале на млади, Музеј на современата уметност, Скопје

2008 Видео проекции на едноминутни филмови, Offline Exhibition Network, One Minute Festival, Brazil
Меѓународна ликовна изложба, Балкан - културен простор без граници, „Центар за култура и образование“, Лакташи, Босна и Херцеговина
Кумановски ликовни уметници, Национална галерија, Куманово

2007 Workshop: Ревитализација на веќе постоечки мурал „Риба која го проголта светот“, Летна школа Ужице, Универзитет за уметности, Белград, Србија
Кумановски ликовни уметници, Национална галерија, Куманово
Видео проекции на студенти од IV година сликарство на ФЛУ по повод Ноќ на музеите, Музеј на Македонија, Скопје

2006 Изложба на билборди, Скопје, Организирано од „Врти-Сучи“

2005/ 5-11 Септември: Real Presence, Workshop for emerging artists во Венеција, паралелен настан со Венециско биенале
Интернационална студентска изложба, Универзитет Акдениз, Анталија, Турција

**Колонии:**

2008 Ликовна колонија Apollonia, Гевгелија
Ликовна колонија Пелинце, Куманово

**Награди:**

2009 Универзитетска награда за најдобро дипломиран студент во учебната 2007/2008 од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје

2008 Најдобро кратко видео во категорија “NANO MINUTE” на International One Minute Festival, Brazil

2007 Диплома за најдобар студент во генерација на ФЛУ

Contact
Adress: “Gorce Petrov” 13
Kumanovo 1300, Macedonia
Telephone: ++389 31 430999
Cell phone: ++389 70 691427
E-mail: tinuninu@gmail.com

Born on 1 of November 1984 in Kumanovo. Graduated in 2008 at the Faculty of Fine Arts, Skopje, painting department and course of conservation and restoration in the class of Antoni Maznevski.

**Solo exhibitions:**

2009 UNA Gallery, Bjarred, Sweden
National Gallery of Macedonia, Mala Stanica, Skopje

**Selected group exhibitions, workshops and projects:**

2009 Mural painting “Urban landscape on Maksim Gorki”, White Night, Skopje
Petersburg meets Stranger Festival, international video art festival, Petersburg
Stranger Festival, International video art festival in Amsterdam
XIV Biennial of young artist from Europe and the Mediterranean
Videoholica, International video art festival, Varna, Bulgaria
Pozega, 17th Croatian One Minute Film Festival
VIII Biennale of Young Artsists of Macedonia, Museum of Contemporary Arts, Skopje

2008 Video art projections, Offline Exhibition Network, One Minute Festival, Brazil
International art exhibition, Balkan Cultural Region Without Borders, Cultural Center, Laktashi, Bosnia and Herzegovina
Artists from Kumanovo, “National Gallery” Kumanovo, Macedonia

2007 Summer School Uzice, Workshop – Revitalization of an already existing mural “Fish That Swallow The World”, University of Arts, Belgrade, Serbia
Artists from Kumanovo, “National Gallery” Kumanovo, Macedonia
Video Arts by finishing year students, National Museum, Skopje, Macedonia

2006 Group exhibition on billboards, Skopje, Organized by “Vrti- Suci”

2005/ 5-11 September: Workshop for Emerging Generations of Artists held in Venice, Parallel Event Within Official Venice Biennale
Student International Exhibition Akdeniz, Akdeniz University, Antalya, Turkey

**Art colonies:**

2008 Art colony “Apolonia”, Gevgelija
Art colony Pelince, Kumanovo

**Awards:**

2009 University award for the best graduated student at the University “St. Cyril and Methodius” Skopje, in the school year 2007/2008

2008 Best video in category “NANO MINUTE” on International One Minute Festival, Brazil

2007 Best student in generation on the Faculty of Fine Arts, Skopje

Национална галерија на Македонија
Железничка 18, 1000 Скопје, Македонија
Тел.: + 389 2 3126856, Факс: + 389 2 3109566
E-mail: contact@nationalgallery.mk
www.nationalgallery.mk

National Gallery of Macedonia
Zeleznicka 18, 1000 Skopje, Macedonia
Phone: + 389 2 3126856, Fax: + 389 2 3109566
E-mail: contact@nationalgallery.mk
www.nationalgallery.mk

За издавачот: Маја Крстевска
Куратор: Ана Франговска Стојановска
Текст: Ана Франговска Стојановска
Превод: Филип Костовски
Компјутерска реализација: Бане Галиќ
Лектура: Кирил Ангелов
Коректура: Михаил Лопарски
Печат: Македонска ризница, Скопје
Копии: 500

For the publisher: Maja Krstevska
Curator: Ana Frangovska Stojanovska
Text: Ana Frangovska Stojanovska
Translation: Filip Kostovski
Computer layout: Bane Galić
Proofreading: Kirili Angelov
Correction: Mihail Loparski
Printed by: Makedonska riznica, Skopje
Copies: 500

Проектот е поддржан
од Министерството за култура на Република Македонија.

The project is supported by the
Ministry of Culture of the Republic of Macedonia.

Мала станица, 18-31 декември 2009

ISBN: 978-9989-196-47-8



BOZÜRSKA

